## СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ КАКО ИЗВОР НА ЕГЗИСТЕНЦИЈА ВО ПРОЦЕС НА НАТУРАЛИЗАЦИЈА

Лице со признаено право на азил во Република Македонија може да го оствари правото на социјална парична помош, ако првенствено е регистрирано во Центарот за интеграција на бегалци и има пријавено адреса на живеење со договор за закуп без заверка на нотар. Покрај тоа, треба да поднесе барање за остварување на правото на социјална парична помош во Центарот за социјална работа во општината каде лицето има регистрирано адреса на живеење. Кон барањето се приложува: копија од договор за закуп, важечка лична карта ако лицето е полнолетно, решение за признаен статус на лице под супсидијарна заштита или статус на бегалец, за малолетни лица извод од матична книга на родени или уверение за статус издадено од Секторот за азил при МВР и единствен матичен број издаден од Секторот за азил при МВР.

Системот на социјална заштита е така креиран што корисникот што сака да го оствари правото на социјална парична помош пред се треба да има определен единствен матичен број од страна на МВР на РМ. Во смисла на обезбедување постојан извор на средства за егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон, Секторот за државјанство почна да ја прифаќа социјалната парична помош, како извор на средства за егзистенција. Сепак, ова може да биде предизвик доколку:

- постои прекин или неможност за остварување на правото на социјална парична помош на целото семејство, ако само еден член нема или го загуби статусот на лице под супсидијарна заштита или;

- не може да се оствари правото на социјална парична помош ако само еден член не поседува ЕМБГ или ненавремено достави извод од матична книга на родени или единствен матичен број за новородено дете.

Постапките пред Управата за матична евиденција при Министерство за правда на РМ, за упис на новороденче и определување на единствен матичен број за новороденчињата на лицата со признаено право на азил, се подолги од истите постапки за лица кои се македонски државјани. Овие постапки траат многу долго особено кога овие лица поднеле барање до Управата за матична евиденција за добивање на потребните документи од Секторот за азил во согласност со Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност.

## ПРЕПОРАКА:

Во овие случаи, Центрите за социјална работа треба барем да го признаат правото на социјална парична заштита на членовите на семејството кои се под супсидијарна заштита, бидејќи тоа право е загарантирано со домашното право. Ако еден член на семејството го изгуби правото на азил, не треба да го загрози социјалниот аспект на другите членови, кои се уште се лица со признаено право на азил во Република Македонија. Центрите за социјална работа треба да го користат Законот за прибавување и размена на докази и податоци по службена должност на РМ повеќе во интерес на корисниците, со цел да се оправда целта за која тој е донесен.

Покрај тоа, тие треба да имаат предвид дека одлучуваат за права на ранлива категорија на лица, целото и семејство. Треба да постои подобра комуникација и координација меѓу МЗМП, Центрите за социјална работа и Центарот за интеграција на бегалци и странци при МТСП со цел да се спречи да дојде до загрозување на правото на социјална заштита за овие лица.